РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
ПАВЕЛ ШАТЕВ
Бр. 02-243/4
24.06.2025 година
СКОПЈЕ

**ЗАПИСНИК**

**од двесте триесет и четвртата седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители одржана на 9 мај 2025 година**

Согласно член 12 став 1 и став 4 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на РСМ" бр.129/2023 и 53/2024), на 9 мај 2025 година, во просториите на Академијата за судии и јавни обвинители, се одржа двесте триесет и четвртата седница на Управниот одбор на Академијата на која присуствуваа: м-р Бесник Авдија, претседател на УО, Спасенка Андонова, заменик претседател на УО, Душица Димитриеска, член на УО, Беса Адеми, член на УО, м-р Башким Бесими, член на УО, м-р Антоанета Димовска, член на УО, Златко Биковски, член на УО, д-р Али Алиу, член на УО и Радица Лазареска Геровска, член на УО.

На седницата присуствуваше и директорот на Академијата, Ирина Трајкоска Стрезоски, без право на глас.

Претседателот на Управниот одбор, судија Бесник Авдија, откако го констатираше присуството на членовите на Управниот одбор во полн состав и на директорот на Академијата, премина кон читање на предложениот дневен ред за седницата и отвори дискусија по однос на истиот:

1. Усвојување на Записник од 233-та седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители.
2. Донесување на одлука за IX генерација почетна обука во Академијата согласно доставени дописи.
3. Разгледување на Одлука од Судски совет на РСМ број 02-1053/1 од 17.04.2025 година и Одлука од Совет на јавните обвинители на РСМ број 02-38/2 од 28.02.2025 година.
4. Разгледување на Известување од Министерство за правда на РСМ број 08-516/4 од 25.03.2025 година и донесување одлука.
5. Разгледување на информација во врска со потпишан проект помеѓу Академијата за судии и јавни обвинители и Академијата за европско право (ERA) и давање мислење по однос на истото.
6. Разно.

За збор се јави јавен обвинител Златко Биковски, кој укажа дека смета дека точката 4 би требало да стане точка 5, додека на оваа точка треба да и претходи нова точка 4, која би гласела донесување на одлука за разрешување на член на Програмски совет, по што би можело да се разгледува допис за номинација на нов член во Програмскиот совет. Следствено на тоа, понатаму би се поместил и бројот на наредните точки, па така 4 би станала 5, 5 би станала 6 и точката 6 би станала точка 7. По одржана кратка дискусија беше одлучено дека во првично поставената точка 4 - Разгледување на Известување од Министерство за правда на РСМ број 08-516/4 од 25.03.2025 година и донесување одлука, се содржани двете дејствија, па на крајот од дискусијата јавниот обвинител Златко Битковски го повлече предлогот за дополнување на предложениот дневен ред и истиот остана како што беше првично предложен.

Со оглед на тоа што немаше пријавени за збор, претседателот на Управниот одбор го стави на гласање вака предложениот дневен ред и истиот беше едногласно усвоен.

Се премина кон разгледување на **првата точка** од дневниот ред - Усвојување на Записник од 233-та седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители. Претседателот на Управниот одбор отвори дискусија по однос на оваа точка, но со оглед на тоа дека никој не побара збор, Записникот од 233-та седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители беше ставен на гласање и истиот беше едногласно усвоен од страна на сите присутни членови на Управниот одбор на Академијата.

Наредна точка на дневен ред беше **втората точка** – Донесување на одлука за IX генерација почетна обука во Академијата согласно доставени дописи. Претседателот на Управниот одбор отвори дискусија по однос на оваа точка. За збор се јави членот на ССРСМ, м-р Антоанета Димовска, која постави прашање до која фаза од приемниот испит е 9-та генерација, на што директорката на Академијата одговори дека до завршувањето на приемниот испит се преостанати уште изработката на писмени акти и усниот испит. Членот на ССРСМ, м-р Антоанета Димовска истакна дека видно од добиеното известување од Министерството за финансии на РСМ, финансиски средства за 2025 година не се обезбедени, по што праша дали тоа значи дека Академијата треба да престане со вршење на една од своите основни дејности.

За збор се јави државниот советник од Министерството за правда, Радица Лазареска Геровска, која праша колку долго трае приемната постапка досега, на што директорката на Академијата, Ирина Трајкоска Стрезоски одговори дека веќе е почната трета година. Радица Лазареска Геровска посочи дека по три години,

можеби веќе е доведена во прашање исполнетоста на условите на кандидатите, дотолку повеќе што следува период на избори кои би траел можеби до ноември, од што може да произлезе заклучок дека 2025 година е на некој начин изгубена година, на што се наметнува прашањето дали е целисходно и оправдано продолжувањето на приемниот процес.

За збор се јави јавниот обвинител Златко Биковски кој даде кратка ретроспектива на настаните во минатото кои довеле до застој на приемната постапка за 9-та генерација почетна обука, па така посочи дека: во правна сила е одлука која процесот на спроведување на испитите во почетна обука го смета како процес на вработување. Во истата таа одлука е наведено дека по формирањето на Влада, на постојат правни пречки за продолжување на примената постапка за 9-та генерација. Понатаму, истакна дека Владата на својата втора седница, донесува Заклучок дека сите издадени финансиски согласности од МФ се стопираат бидејќи истите биле спротивни и неусогласени со Законот за буџетите. Со истекот на фискалната 2024 година, се наметнува потребата од барање за обнова на финансиска согласност за 2025 година, по што следуваат низа дописи, барања и ургенции од Академијата до Владата и Министерството за финансии преку Судскиот буџетски совет, на што единствен конкретен добиен оговорот е Известувањето од Министерството за финансии на РСМ во кое се вели дека во буџетот на судската власт за 2025 година, не се обезбедени финсиски средства за вработување на 130 слушатели во почетна обука. Истакна дека во ситуација кога постапката не може да продолжи бидејќи финансиски средства не се обезбедени, дотолку повеќе што и да се земе предвид дека постои можност за ребаланс на буџетот, сепак ребалансот не е редовна постапка и процедура, не може однапред да се знае дали би биле или не би биле обезбедени средства со евентуален ребаланс на буџетот. Во таа насока, а поради сето наведено, посочи дека смета во овој момент не постои друго решение освен поништување на овој оглас, за што постои законит основ. Додаде дека освен Законот за Академија за судии и јавни обвинители, Академијата е должна да ги почитува и другите закони, согласно кои финансиските средства за прием на генерација во почетна обука се неопходни, па така, понатаму не претставува одговорност на Академијата во кој момент ќе бидат обезбедени финансиски средства за прием на нова генерација во почетна обука.

За збор се јави членот на ССРСМ, м-р Антоанета Димовска, која истакна дека одлуката која ќе ја донесе Управниот одбор треба да биде правно издржана и дека треба да се анализира целокупната оваа ситуација и од аспект на кандидатите, кои стекнале одреден кандидатски статус и кандидатски права, врз основа на кои Академијата при евентуална таква одлука би можела да биде тужена.

Државниот советник од Министерството за правда, Радица Лазареска Геровска праша дали кандидатите имале одредени финансиски издатоци за приемната постапка, на што директорката на Академијата одговори дека трошоците за полагање на психолошкиот тест и тестот на интегритет се на товар на Академијата за судии и јавни обвинители и кандидатите тој издаток не го плаќаат.

Членот на ССРСМ, м-р Антоанета Димовска истакна дека токму тој финансиски издаток кој го имала Академијата би пропаднал во вода доколку овој оглас се поништи, што исто така со себе повелкува одредена одговорност. Запраша кој временски период би дошол моментот за пријавување на овие лица во Академијата, по што изнесе дека доколку за 2025 година не се обезбедени средства, а согласно динамиката на приемната постапка вработувањата би се случиле во фискалната 2026 година, можеби во 2026 година би имало обезбедени финансиски средства. Истакна дека дотолку повеќе што не гледа вина во кандидатите за да им биде ускратено правото да бидат кандидати во Академијата, дека смета дека истите трпат нематеријална, а можеби и материјална штета во целиот период за кој се во исчекување.

За збор се јави судија Беса Адеми, која даде предлог, од страна на сметководството на Академијата да биде направен преглед на потрошени финансиски средства на Академијата за приемната постапка на 9-генерација почетна обука, кој преглед би го доставиле до Министерството за финансии на РСМ, со прифаќање на доставеното известување од страна на МФ дека финансиски средства не се обезбедени, но во секој случај да се имаат во предвид досегашните издатоци на Академијата за оваа генерација почетна обука.

За збор се јави државниот советник од Министерството за правда на РСМ, Радица Лазареска Геровска која укажа дека заклучокот за запирање на постапките за вработување е од првата седница на Владата на РСМ и во него се користи терминот „да се запрат постапките за вработување...". Исто така додаде дека Министерството за правда на РСМ во врска со ова прашање се има обратено до Влада на РСМ, со даден детален преглед на состојбата, со цел да се дадат насоки, што со финансиските средства за деветта генерација почетна обука во Академијата, но истото како точка сеуште не е ставено на дневен ред на Владата на РСМ. Посочи дека ситуацијата треба да се анализира и од аспект на поминатото време и валидноста на сите досега полагани тестови. Дополнително, посочи дека видно од доставените дописи од ССРСМ и СЈОРСМ, за следна генерација во Академијата, двата совети имаат потреба од вкупно 210 судии и јавни обвинители, што значи дека бројката постојано се менува и расте.

Директорката истакна дека веќе подолг временски период се обидува да закаже средба со Министерката за финансии на РСМ на која би разговарала за ова прашање, но дека обидите се неуспешни.

Јавниот обвинител Златко Биковски предложи да се направи кратка пауза од 5 минути, на што претседателот на Управниот одбор се согласи и даде пауза на седницата од 5 минути.

По кратката пауза, седницата продолжи.

За збор се јави членот на ССРСМ м-р Антоанета Димовска, која даде предлог, Академијата да подготви известување до јавноста, ССРСМ и СЈОРСМ, кое би гласело дека постапката за прием на нови кандидати, односно донесувањето на одлука по однос на спроведувањето на приемниот испит за почетна обука, вклучително и 9-та генерација, се одлага до обезбедување на финансиски средства од Министерството за финансии, за финансирање на обуката на кандидатите, притоа, повикувајќи се на добиеното известување од Министерството за финансии на РСМ.

Јавниот обвинител Златко Биковски додаде дека во известувањето може да се додаде текстот дека при состојба на неисполнетост законските услови поради недостиг на финансиски средства, Управниот одбор на Академијата, не може да донесе одлука.

Претседателот на Управниот одбор м-р Бесник Авдија го стави на гласање предлогот на јавниот обвинител Златко Биковски на гласање и истиот беше едногласно усвоен.

Вработената во Академијата која е задолжена да води записници од седниците на Управниот одбор Ана Милчевска, го прочита забележаниот текст на известувањето за на веб страна, на што за збор се јави судија Беса Адеми, која го дополни известувањето како следното: при состојба каде со допис број .. од Министерство за финансии на РСМ, укажува дека не се обедзбедени финансиски средства за 130 слушатели во 9-та генерација во почетна обука во Академијата, Управниот одбор не е во состојба да донесе одлука. На крајот беше договорено содржината на известувањето да биде подготвена и доставена до сите членови на Управниот одбор на одобрување, пред истата да биде објавена.

Претседателот на Управниот одбор констатираше дека точката два е исцрпена по што се премина кон следната точка на дневен ред.

**Третата точка** на дневен ред беше - Разгледување на Одлука од Судски совет на РСМ број 02-1053/1 од 17.04.2025 година и Одлука од Совет на јавните обвинители на РСМ број 02-38/2 од 28.02.2025 година. Претседателот на Управниот одбор отвори расправа по однос на оваа точка.

За збор се јави членот на СЈОРСМ, Башким Бесими кој истакна дека имајќи предвид дека точката гласи разгледување на одлуки од двата совети, увидено е дека истите ги направиле потребните проекции и треба да се констатира дека истите се разгледани. Претседателот на Управниот одбор, м-р Бесник Авдија констатираше дека истите разгледани и се премина кон следната точка на дневен ред.

**Четвртата точка** на дневен ред беше Разгледување на Известување од Министерство за правда на РСМ број 08-516/4 од 25.03.2025 година и донесување одлука. Претседателот на Управниот одбор отвори расправа по однос на оваа точка. За збор се јави Радица Лазареска Геровска, која укажа дека со дописот доставен од Министерството за правда од 06.05.2025 година, е доставен доказ за неисполнетоста на условите на назначеното лице чијашто промена се бара во Програмскиот совет од Министерството за правда на РСМ.

За збор се јави јавниот обвинител Златко Биковски кој праша дали лицето сеуште е вработено во Министерството за правда, на што државниот советник од МП, Радица Лазареска Геровска одговори дека е сеуште вработена во МП. Јавниот обвинител Златко Биковски ги прочита законските основи за престанок на мандатот и разрешување на член на Програмскиот совет утврдени во член 23 од ЗАСЈО. Радица Лазареска Геровска дополни дека согласно одредбите од ЗАСЈО, Министерството за правда врши надзор над примената на овој закон. Во таа насока, при вршењето на оваа законска надлежност, Министерството за правда констатирало дека ова лице кое моментално е член во Програмскиот совет е поставено спротивно на ЗАСЈО и поради тоа се бара оваа промена. Појасни дека членот 19 став 3 алинеја 3 од ЗАСЈО бара минимум осум години работен стаж на работи од областа на правосудството по положен правосуден испит, а видно од доставениот доказ на 06.05.2025 година, лицето положило правосуден испит на ден 30.10.2023 година, од што произлегува дека не ги исполнува законски предвидените услови да биде член во Програмскиот совет. Дополнително, Радица Лазареска Геровска додаде дека бара истата процедура која што се поминала за оваа барана промена на член на Програмскиот совет од страна на Министерството за правда на РСМ, да биде запазена и за новопредложениот заменик член во Програмскиот совет доставен од страна на Јавното обвинителство на РСМ.

За збор се јави јавниот обвинител Златко Биковски кој го прочита член 23 став 3 од ЗАСЈО, кој вели: (3) Најдоцна во рок од 30 дена од денот на донесувањето

на одлуката за разрешување, односно престанок на мандатот на член, односно заменик-член на Програмскиот совет, се номинира новиот член, согласно со овој закон. Следствено на тоа, истакна дека не може да постои номинација пред да постои донесена одлука.

Беше дискутирано по кој основ би престанал мандатот, по што Јавниот обвинител Златко Биковски побара дали може од Академијата да биде доставена номинацијата за лицето од Министерството за правда на РСМ и Одлуката од Управниот одбор за назначување на ова лице за член на Програмскиот совет и истото беше направено. Беа умножени копии од овие два документи и истите беа дистрибуирани до сите членови на УО.

Беше констатирано дека во номинацијата од Министерството за правда на РСМ, како и во Одлуката од Управниот одбор за конституирање на Програмскиот совет на РСМ, лицето е назначено како шеф на кабинет на Министерство за правда на РСМ, која функција во Министерството за правда и престанала во 2024 година. Со известување од Министерство за правда број 08-516/3 од 14.03.2025 година, Министерството за правда известува дека лицето Арбереша Селими има промена на работното место од 13.02.2024 година, односно истата не е на работно место шеф на кабинет. Истакна дека сето ова е основ за престанок на мандатот по член 23 став 1 алинеја 4 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители - ако му престане функцијата или работниот однос во органот каде што ја извршува функцијата или работи. Посочи дека функцијата шеф на кабинет е престаната, како што е погоре наведено на 13.02.2024 година, што е основ за престанок на мандатот на членот на Програмскиот совет Арбереша Селими, сметано од 09.05.2025 година.

Претседателот на Управниот одбор го стави на гласање предлогот на јавниот обвинител Златко Биковски, мандатот на членот на Програмскиот совет Арбереша Селими да и престане врз основа на член 23, став 1 алинеја 4 од ЗАСЈО, поради престанок на функцијата во органот каде ја извршувал функцијата. Предлогот беше едногласно усвоен и беше задолжена Академијата да подготви формална Одлука за престанок на мандатот.

За збор се јави јавниот обвинител Златко Биковски кој го прочита член 23 став 3 од ЗАСЈО, кој се вели: „(3) Најдоцна во рок од 30 дена од денот на донесувањето на одлуката за разрешување, односно престанок на мандатот на член, односно заменик-член на Програмскиот совет, се номинира новиот член, согласно со овој закон." Следствено на тоа, истакна дека не може да постои номинација пред да постои донесена одлука и доставената номинација според него е преурането. Беше одржана дискусија дали е потребно да се побара нова номинација од Министерството за правда на РСМ која ќе биде во рокот од 30 дена од денот на донесување на одлуката за престанок. На крајот, претседателот го

стави на гласање предлогот да се извести Министерството за правда дека мандатот на досегашниот член на Програмскиот совет, Арбереша Селими е престанат, сметано од 09.05.2025 година, по што во истиот допис ќе биде побарана номинација на член во Програмскиот совет, на местото на досегашниот член Арбереша Селими. Предлогот беше усвоен со 8 глаза ЗА, додека членот од Министерството за правда, Радица Лазареска Геровска беше ПРОТИВ.

Се премина кон **петтата точка** на дневен ред - Разгледување на информација во врска со потпишан проект помеѓу Академијата за судии и јавни обвинители и Академијата за европско право (ERA) и давање мислење по однос на истото. Претседателот на Управниот одбор даде збор на директорката на Академијата да даде воведно излагање по однос на оваа точка.

Директорката на Академијата, Ирина Трајкоска Стрезоски посочи дека во текот на месец јануари 2025 година го известила Управниот одбор на Академијата за соработката со ERA, кога известила дека соработката се состои од обезбедување на места за присуство на судии и јавни обвинители на online семинари. Укажа дека известила за она што во тој момент го знаела, со што и доставила писмо за поддршка врз основа на кое Академијата требало да плати износ од 1.500,00 евра. Наведе дека на ден 24.04.2025 година, по иницијатива на директорот на ERA бил одржан online состанок, на кој директорот на ERA ја прашал дали била запознаена со проектот за конкурентско право, на што одговорила дека не знаела за него. Директорката на Академијата на членовите на Управниот одбор им посочи дека информација за проектот за конкурентско право е доставена како материјал на денешната седница на Управниот одбор, преведен на македонски јазик. Појасни дека на состанокот со директорот на ERA, и било појаснето дека доставеното писмо за поддршка произлегува токму од овој проект за конкурентско право, преку кој што Академијата се обрзува, покрај на е-платформата која што е организирана од ERA, да обезбеди материјали, како и да обезбеди присуство на судии на е-платформата за семинари кои што се во нивна организација и додатно, во текот на 2026 година да организира конференција. Додаде дека директорот на ERA ја информирал дека целиот проект бил финансиран од страна на Европската Комисија, во вкупен износ од 90.000,00 евра, а Академијата имала обврска да плати само 1.500,00 евра. Укажа дека за главна focal point – контакт точка со овој проект од Академијата била поставена државниот советник Сања Пандилов, која како што кажала дури на 24.04 ја известила за ова. Посочи дека на одржаниот online состанок од страна на ERA и било укажано дека за прв пат се соочуваат со Академија која е несериозна и не ги исполнува обврските коишто се дадени од Европската Комисија, дека Академијата ќе сноси штетни последици и поради тоа може да се случи повеќе проекти од Европската Комисија повеќе да не бидат остварувани со Академијата. Директорката на Академијата додаде дека на ден 24.04.2025 година, пет минути пред за започне

online состанокот со директорот на ERA, државниот советник Сања Пандилов и ги доставила електронски документите – концепт на проектот и уште еден доразработен документ-дополнителни 150 страници. Посочи дека не постои можност во 5 минути да се прочитаат толкави документи на англиски јазик, а ни на македонски јазик, како би можела да одговори на директорот на ERA дали Академијата е согласна или не е согласна со истото. Директорката на Академијата укажа дека согласно Законот за Академија за судии и јавни обвинители, Управниот одбор на Академијата дава мислење за соработката на Академијата со сродни институции, а видно од претходните записници на Управниот одбор, претходната директорка на Академијата за ова прашање не го известила Управниот одбор, за да даде мислење дали оваа соработка треба да продолжи. Повторно укажа дека доколку не се продолжи соработката, доколку не се платат овие 1.500,00 евра, ќе има штетни последици. Истакна дека била изненадена и засрамена пред директорот на ERA од сето ова. Јавниот обвинител Златко Биковски праша дали само овие 1.500,00 евра се финансиски издаток за Академијата и нема никакви дополнителни трошоци, на што директорката на Академијата одговори потврдно. Директорката на Академијата додаде дека на директорот на ERA му пишала дополнителен меил со барање информација во однос на евентуални дополнителни трошоци за превод, во однос на користењето на е-платформата, на што и одговориле дека Академијата нема да има никакви дополнителни трошоци, освен овие 1.500,00 евра. Од нивна страна појасниле дека тие, заедно со Академиите на Косово, Црна Гора и Македонија, конкурираат пред Европската комисија и во текот на месец јули, бил одобрен тој проект од 90.000,00 евра, додека обврската на Косово, Црна Гора и Македонија е само по 1.500,00 евра. На крајот, директорката на Академијата истакна дека во понеделник повторно има online состанок и дека се надева дека соработката ќе продолжи.

Претседателот на Управниот одбор укажа дека доколку членовите на Управниот одбор се согласни, треба да дадат писмено мислење за оваа соработка, по што го стави на гласање предлогот оваа соработка да продолжи и Управниот одбор да даде позитивна писмена согласност за истата. Предлогот беше едногласно прифатен од страна на сите членови на Управниот одбор на Академијата и беше дадено позитивно мислење за продолжувањето на оваа соработка.

Директорката на Академијата додаде дека во текот на вчерашниот ден дознала дека Академијата исто така била член на некое друго тело без да и биде кажано на кое тело. Посочи дека бидејќи не се случило примопредавање на должноста директор, постојано излегуваат нови нешта со кои е делумно запознаена, иако побарала информации за се, но истите не и се доставени.

Се премина кон разгледување на **шестата точка** на дневен ред – точката Разно. Претседателот на Управниот одбор посочи дека под оваа точка во работните материјали за седницата беше доставен допис од Јавното обвинителство на РСМ со кој за заменик член на Програмскиот совет на Академијата е номинирана јавниот обвинител Валентина Стојановска, јавен обвинител во Јавно обвинителство на РСМ. За збор се јави Радица Лазареска Геровска која праша по кој основ се врши оваа номинација. Директорката на Академијата одговори дека истото е направено бидејќи јавниот обвинител Елвин Вели беше номиниран за член во Програмски совет, а самиот претходно беше заменик член во Програмски совет, по што местото заменик член остана празно. Државниот советник Радица Лазареска Геровска побара истата постапка што била направена за новономинираниот член од Министерството за правда да биде направена и за овој член, поточно да биде доставена целокупната документација со која ќе се докаже исполнетоста на условите од Законот за Академија за судии и јавни обвинители односно бараните години работен стаж по положен правосуден испит.

За збор се јави јавниот обвинител Башким Бесими кој укажа дека за да јавен обвинител биде избран за јавен обвинител во ЈОРСМ истиот треба да биде најпрво 6 години обвинител во Основно обвинителство, па 8 години во Вишо јавно обвинителство, но доколку е потребно ќе бидат доставени тие документи.

За збор се јави членот на ССРСМ, Антоанета Димовска, која истакна дека во постапката со Министерството за правда, Управниот одбор на Академијата немал никаква друга намера, истакна дека во овој случај со номинацијата од ЈОРСМ, се работи за ноторен факт.

Претседателката на Советот на јавни обвинители Душица Димитровска истакна дека не се согласува со тоа да се бара документација за работниот стаж бидејќи обвинителката доаѓа од највисоката инстанца во обвинителството.

Претседателот на Управниот одбор го стави на гласање предлогот да се побараат документи од Јавното обвинителство на РСМ од кои може да се утврди работниот стаж на номинираниот заменик член на Програмскиот совет, јавниот обвинител Валентина Стојановска, со цел да се докаже исполнувањето на условите од ЗАСЈО. ЗА предлогот гласаше Радица Лазареска Геровска, а ПРОТИВ предлогот гласаа сите останати 8 членови на Управниот одбор на Академијата.

Следствено на тоа, претседателот на Управниот одбор го констатираше назначувањето на јавниот обвинител Валентина Стојановска, јавен обвинител во Јавно обвинителство на РСМ за заменик член во Програмскиот совет на РСМ.

Со оглед на тоа дека сите точки од дневниот ред беа исцрпени, претседателот на Управниот одбор ја затвори 234-та седница на Управниот одбор на Академијата.

Претседател на Управен одбор
м-р Besnik Avdija

Записникот го изготви Ана Милчевска,
Советник за нормативно правни работи и управување со човечки ресурси